Уп. бр.08-18

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Мерцедес- Бенц Груп Кина Лтд. (Mercedes-Benz Group China Ltd), со регистрирано седиште на Суит 2301, 20-ти кат, Тауер 3, Ванѓинг Стриит бр. 8, Округ Чаојанг, Народна Република Кина и БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд. (BMW Brilliance Automotive Ltd.), со регистрирано седиште на Шанзуизи Стриит бр. 14, Округ Дадонг, Шенјанг, Народна Република Кина, преку Адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 15.01.2024 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување од страна на Мерцедес- Бенц Груп Кина Лтд. (Mercedes-Benz Group China Ltd), со регистрирано седиште на Суит 2301, 20-ти кат, Тауер 3, Ванѓинг Стриит бр. 8, Округ Чаојанг, Народна Република Кина и БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд. (BMW Brilliance Automotive Ltd.), со регистрирано седиште на Шанзуизи Стриит бр. 14, Округ Дадонг, Шенјанг, Народна Република Кина, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 18.12.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше

доставено известување за концентрација од страна на Мерцедес- Бенц Груп Кина Лтд. (Mercedes-Benz Group China Ltd), со регистрирано седиште на Суит 2301, 20-ти кат, Тауер 3, Ванѓинг Стриит бр. 8, Округ Чаојанг, Народна Република Кина и БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд. (BMW Brilliance Automotive Ltd.), со регистрирано седиште на Шанзуизи Стриит бр. 14, Округ Дадонг, Шенјанг, Народна Република Кина, која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување во Кина кое ќе развие и управува со јавна инфраструктурна мрежа за полнење за возила на батерии, исто така наречени и „електрични возила на батерии“.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Мерцедес-Бенц Групацијата е германска мултинационална автомобилска корпорација со седиште во Штутгарт, Баден-Вуртемберг, Германија. Мерцедес-Бенц Групацијата е производител на оригинална опрема („ПОО“) и дистрибутер на патнички автомобили (вклучувајќи ги хибридните возила и ЕВБ) и комбиња под брендовите Mercedes-Benz, Mercedes-AMG, Mercedes-Maybach и Mercedes-EQ.

Поврзано со електричното полнење, Мерцедес- Бенц Групацијата на своите корисници им нуди (преку своето зависно друштво Мерцедес- Бенц Мобилити АГ) меѓу другите услуги, решенија за мобилност кон своите корисници (под брендот Mercedes me Charge). Дополнително, Мерцедес- Бенц обезбедува одредени услуги на Mercedes Me Connect (на пр. индикатор на домет, приказ на станици за полнење на екранот на автомобилот или преку апликацијата Mercedes Me и интегрирање на мапирањето на патната рута).

Мерцедес- Бенц Групацијата е малцински акционер во Ионити ГмбХ (Ionity GmbH) („Ионити“), со седиште во Минхен, Германија. Ионити инсталира и управува растечка мрежа со отворен пристап на станици за брзо полнење покрај автопати во 24 европски земји. Понатаму, Мерцедес-Бенц е малцински содружник во неодамна основано заедничко вложување кое развива мрежа за полнење во САД. И двата не се и нема да бидат активни во Северна Македонија на среден рок. Дополнително, Мерцедес-Бенц неодамна станало активно и во деловното работење како оператор на станици за полнење преку соработка со инвеститори и оператори на станици за полнење во САД и во Германија. Во догледна иднина нема намера да ја прошири својата мрежа за полнење кон Северна Македонија.

Во Северна Македонија и во однос на електричното полнење, Мерцедес-Бенц Групацијата не врши јавна услуга за полнење во Северна Македонија и затоа нема активности на овој пазар. Мерцедес-Бенц Групацијата остварила промет во Северна Македонија во 2022

година преку продажба на возила, делови и додатоци на увозник (изведувач) во Северна Македонија кој врши дистрибуција на производи преку сопствена дистрибутивна мрежа.

БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд. (БМВ Групацијата) е германски мултинационален производител на луксузни патнички автомобили и мотоцикли, со седиште во Минхен, Баварија, Германија. Со брендовите БМВ, Роллс-Ројсе и МИНИ, БМВ Групацијата е светски активен производител на оригинална опрема и дистрибутер на патнички автомобили (вклучувајќи ги хибридните возила и ЕВБ) и мотори.

БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд. е друштво кое котира на берза. Неговите акции се тргуваат на берзите во Франкфурт и Минхен.

БМВ Групацијата остварило приходи на светско ниво од приближно EUR 142 милијарди во 2022 година. Во 2022 година, повеќе од 149.000 вработени работеле во БМВ. Производството на БМВ се спроведува на 31 локација на шест континенти, истражување и развој во 17 земји и 41 продажни зависни друштва и локации за финансиски услуги.

БМВ Групацијата има малцински удел во Ионити ГмбХ со седиште во Минхен, Германија, која исто така делува како оператор на точки на полнење („ОТП“ - *Charge Point Operator*) (во ЕУ). Понатаму, БМВ Групацијата е малцински содружник во неодамна основаното заедничко вложување кое развива мрежа за полнење во САД. И двете не се и нема да бидат активни во Северна Македонија на среден рок.

БМВ Групацијата е активна во малопродажно снабдување на опрема за полнење за да им овозможи на своите корисници да полнат во домашни услови (т.е. продажба на ѕидни кутии и поврзување на корисници со снабдувачи на инсталација).

Во Северна Македонија, БМВ Групацијата продава возила, делови и додатоци на увозник (изведувач) во Северна Македонија кој врши дистрибуција на производите преку сопствена дистрибутивна мрежа.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 4) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**